**З А П И С Н И К**

**од Сто и втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 13.11.2018 година**

Седницата започна во 13:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи

и д-р Стево Пендаровски, национален координатор за подготовка на Македонија за членство во НАТО.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 93-та седница на Владата, одржана на 9.10.2018 година
- Усвојување на Записникот од 95-та седница на Владата, одржана на 16.10.2018 година
- Усвојување на Записникот од 96-та седница на Владата, одржана на 22.10.2018 година
- Усвојување на Записникот од 98-та седница на Владата, одржана на 30.10.2018 година
- Усвојување на Записникот од 99-та седница на Владата, одржана на 2.11.2018 година
- Усвојување на Записникот од 100-та седница на Владата, одржана на 5.11.2018 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција
- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ

  - Информација за отворените прашања во спроведувањето на ИПА проекти од Оперативната програма за регионален развој за периодот 2007-2013 година во фаза на затварање на Програмата
- Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО

  - Програма за продолжување на реформите на Република Македонија

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Барање за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри Еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД - Скопје

2. Годишен извештај за работењето на ЈПВ Лисиче-Велес за 2017 година, Финансиски извештај на ЈПВ Лисиче-Велес за 2017 година, Годишна сметка на

ЈПВ Лисиче-Велес за 2017 година, Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи на ЈПВ Лисиче-Велес за годината која завршува на 31.12.2017 година, со дополнување

3. Ценовник за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје за сезона 2018/2019 година, со Предлог-одлука

4. Информација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина варовник на локалитетот Ново Село, Општина Дебрца за потребите на проект за изградба на автопатот А2, делница Кичево - Охрид

5. Информација за добивање на одобрение за спроведување постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка - Одржување на ESRI лиценци (во времетраење од три години)

6. Информација за запишување на правото на сопственост на недвижностите на Република Македонија во Катастарот на недвижностите, со Акциски план

7. Информација за извршен увид во „Макпетрол Темко“ - Скопје со изготвен Записник (нацрт), со дополнување кон неа, Решение за усвојување на Записникот од извршен увид во објекти „Макпетрол“ АД Скопје, со Предлог-одлуки

8. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

9. Предлог-одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука/пресуда и предмети одземени во управна постапка (вкупно 47 моторни возила и електрометар) на државни органи, единиците на локалната самоуправа и други и Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

10. Информација за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители од страна на Државното правобранителство на Република Македонија

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности

**б) Економски систем и тековна економска политика**

12. Предлог-закон за фитофармација

13. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити

14. Предлог-програма за изменување и дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година

15. Информација за продажба на недвижни ствари во Тетово, сопственост на Република Македонија, корисник Министерството за финансии, со Предлог-одлука

16. Информација за продажба на недвижна ствар во Скопје, сопственост на Република Македонија, корисник Министерството за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижна ствар во Скопје

17. Информација за рангот на Македонија според извештајот „Doing Business 2019“ на Светска банка

18. Информација за реализираните активности во проектот за Ревизија на индустриската политика на Република Македонија и усвојување на стратешкиот документ „Индустриска стратегија на Република Македонија 2018 - 2027“, со Акциски план

19. Информација во врска со Јавен повик и Тендерска документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино бр.44-5467/1 од 24.7.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/2018), со Тендерска документација

20. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини 6/18 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/18), со Предлог-одлуки и Извештај од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 6/2018, објавен во Службен весник на Република Македонија бр.112/18

21. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Дупен Камен“ с. Беловодица, Општина Прилеп

22. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Хотел Шатор - с.Трново, Битола, со Предлог-решение

23. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има изграден бесправен помошен објект и објект за примарна обработка на земјоделски производи со непосредна спогодба со

ДПТУ „Зелена куќа“ ДОО с. Горни Подлог Кочани, со Предлог-договор и Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Мислешево вон гр., Општина Струга, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со намена А4-времено сместување КО Тетово вон-г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука

27. Информација во врска со Барањето за склучување на Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и „Шпаркасе банка Македонија“- АД Скопје за финансирање на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Караниколос со реф.бр.80, со текст на Директен договор

**в) Политички систем**

28. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1000 на Советот од 16 јули 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, со Предлог-одлука

29. Информација за Предлог-одлука за преод во втора фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, согласно член 5 (3) од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, со текст на Предлог-одлука на Советот за стабилизација и асоцијација која се однесува на премин во втора фаза на асоцијација меѓу Европските Заедници и нејзините земји членки, од една страна и Република Македонија, од друга страна, во согласност со членот 5 (3) од Спогодбата за стабилизација и асоцијација

30. Информација за националниот извештај на Република Македонија за Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации, со Предлог-текст на Националниот извештај на Република Македонија за Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации

31. Информација за усвојување на Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, со Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе

32. Извештај за извршени преговори за текстот на Протоколот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Чешката Република за спроведување на Спогодбата за преземање на лица со незаконски престој, со усогласен текст на Протокол

33. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Бекташиска заедница и други против Република Македонија, А.бр.48044/10, 75722/12 и 25176/13, со Предлог-одлука

34. Информација за План за имплементација на Стратегискиот одбранбен преглед 2018, со текст на План

35. Информација за прогресот и реализацијата на проектот - проценка на влијанието на регулативата (ПВР), за периодот јануари- јуни 2018 година

36. Информација за иницирање постапка за измена на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Грција за ИНТЕРРЕГ-ИПА програмата за прекугранична соработка Република Македонија-Грција 2014-2020, во насока на вклучување стратешки проект

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

37. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство

38. Информација за планирани активности за развој на работната сила во Република Македонија

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) Економски систем и тековна економска политика**

39. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Линди гуроре ДООЕЛ увоз - извоз с.Стрелци, Кичево на локалитетот „Становец 2“, Општина Кичево

40. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за трговија, превоз и услуги Регулими и обореве-Гаги увоз-извоз ДООЕЛ с. Стрелци Кичево на локалитетот „Становец“, Општина Кичево

41. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-глина на Друштвото за транспорт, градежништво, производство, трговија и услуги Гранд - Уни инвест ДООЕЛ Виница на локалитетот „Градец“, Општина Виница

42. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Бетон груп

ДООЕЛ с.Боговиње, Боговиње на локалитетот „с.Чеграни - Гостивар“, Општина Гостивар

**43.** Предлог-решение за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи

**б) Политички систем**

**44.** Барање на Анибал Енис Озкан, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**45.** Барање на Хабил Красниќи и др. за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурски и одржлив развој**

**46.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Гази Баба (44-9678/1))

**47.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (44-9716/1)

**48.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија

**49.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола

**50.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани

**51.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (44-9683/1)

**52.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (44-9707/1)

**53.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга

**54.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

**55.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Велес

64. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Македонски Брод

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ - Скопје

66. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница Охрид

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

67. Понуда од нотар Анастасија Петреска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.69444 за КО Маџари на КП бр.87, Имотен лист бр.10008 за КО Маџари на КП бр. 86 и Имотен лист бр.10009 за КО Маџари на КП бр.87

68. Известување од извршител Антончо Коштанов од Скопје, под И бр.714/18 за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 179 став (1), член 181 став (1) и член 182 став (1) од Законот за извршување)

69. Известување од извршител Даница Страчкова од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба под И бр.243/17 и Заклучок за утврдување на вредност на недвижност под И бр.243/17

70. Известување од извршител Даница Страчкова од Скопје, за Заклучок за втора усна јавна (врз основа на член 178 став (1), член 181 став (1) и член 182 став (1) од Законот за извршување) под И бр. 292/17 и Заклучок за утврдување на вредност на недвижност (врз основа на член 177 од Законот за извршување) под И бр. 292/17

**д) Други предлози**

71. Кадровски прашања

72. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

73. Информација во врска со изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Тетово

74. Информација за реализација на дадените препораки од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршената ревизија на успешност - „Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите“ број 09-311/25 од 16.5.2018 година

75. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје, за периодот X - XII 2017 година, со дополнување

76. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за август 2018 година

77. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за септември 2018 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

78. Барање за давање на автентично толкување на член 11 став (2) од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 20/1998, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 55/2013, 33/2015 и 104/2015), поднесено од пратеникот Снежана Калеска-Ванчевска

79. Информација во врска со постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект - линиска инфраструктурна градба (Топловодна мрежа)

**80.** Информација во врска со исплата на средства по основ на стекнато право на степен на кариера на административните службеници во Министерството за економија

**81.** Информација за номинирање членови во Советот за јавно приватно партнерство

**82.** Информација во врска со потребата од донесување на Одлука за осигурување за експонатите од Националниот археолошки институт со музеј - Софија и од Народниот музеј Белград кои ќе бидат презентирани на изложбата „100 години Требениште“ во Националната установа Археолошки музеј на Македонија - Скопје, со Предлог-одлука

**83.** Информација за настанатата ситуација со работењето на ДСД Доне Божинов Пробиштип

*

*     *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 93-та седница на Владата, одржана на 9.10.2018 година; 95-та седница на Владата, одржана на 16.10.2018 година; 96-та седница на Владата, одржана на 22.10.2018 година; 98-та седница на Владата, одржана на 30.10.2018 година; 99-та седница на Владата, одржана на 2.11.2018 година и 100-та седница на Владата, одржана на 5.11.2018 година.

*

*     *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата ги разгледа Состојбите и напредокот во процесот на европска интеграција и притоа заклучи:

- Се задолжуваат надлежните министри секој во својот домен и поглавје уште еднаш дополнително во наредните два до три дена да ги консолидираат, финализираат и коригираат комплетните прилози кон Годишниот извештај на Европската комисија пред нивното конечно доставување до Европската комисија од страна на Секретаријатот за европски прашања.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

- Информација за отворените прашања во спроведувањето на ИПА проекти од Оперативната програма за регионален развој за периодот 2007-2013 година во фаза на затварање на Програмата

Владата ја разгледа Информацијата за отворените прашања во спроведувањето на ИПА проекти од Оперативната програма за регионален развој за периодот 2007-2013 година во фаза на затворање на Програмата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје да ги исправи недоследностите на набавениот софтвер и возоматите целосно да одговараат на барањето на крајниот корисник во рок до 1.12.2018 година.

2. Се укажува на Македонски железници „Транспорт“ АД-Скопје да го информира Секретаријатот за европски прашања за преземените активности на ставање на набавениот софтвер и возоматите во функција, најдоцна со 5.12.2018 година, а Секретаријатот за европски прашања да ги информира останатите институции за направениот напредок од страна на Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје.

3. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања и Министерството за транспорт и врски да ги разгледаат можностите за финансирање на проект за надградба на софтверот на Железничката станица во Скопје.

4. Се укажува на ЈП „Македонски железници-Инфраструктура“ - Скопје да се произнесе по Анексот на Договорот за градежни работи за Реконструкција со рехабилитација на делницата Битола - Кременица како дел од кракот 10-д од Коридорот 10, предложен од страна на изведувачот, во рок од пет дена од добивањето на Предлог- текстот на Анексот на Договорот.

5. Се задолжува Министерството за финансии, како договорен орган, во соработка со Министерството за транспорт и врски и ЈП „Македонски железници-Инфраструктура“ - Скопје, во рок од седум дена да ја информираат Владата за моменталниот статус на проектот „Реконструкција со рехабилитација на железничката делница Битола - Кременица“ и да достави план на активности и мерки за надминување на состојбата со цел ставање во употреба на проектот до крајот на 2018 година.

6. Се укажува на ЈП „Македонски железници-Инфраструктура“- Скопје, итно да склучи договор за одржување на Железничката станица Скопје.

7. Се укажува на ЈП „Македонски железници-Инфраструктура“ - Скопје, во рок од седум дена да ја информира Владата за начинот на одржување на инфраструктурните проекти финансирани од Оперативната програма за регионален развој 2007-2013 и да достави план со мерки за подобрено функционирање и одржување на инфраструктурните проекти финансирани од ОПРД 2007-2013, со цел надминување на состојбата констатирана во наодите од страна на Ревизорското тело на програмата ОПРД 2007-2013.

8. Се укажува на крајните корисници ЈП „Македонски железници-Инфраструктура“ - Скопје и Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии да ги комплетираат активностите на пренос на сопственост на објектите во трајно владение на ЈП „Македонски железници - Инфраструктура“ - Скопје и „Македонски железници-Транспорт“ АД - Скопје.

9. Се задолжуваат надлежните институции (Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со општините и Министерството за финансии) да ги

комплетираат активностите за пренос на сопственост на пречистителните станици во Прилеп, Кичево, Радовиш и Струмица во трајно владение на општините.

10. Се укажува на општините Прилеп, Кичево, Радовиш и Струмица да обезбедат средства за одржување на пречистителните станици.

11. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да обезбеди вработување на осумтте вработените во ПИУ единиците на кои им завршуваат договорите за вработување на определено време на крајот од 2018 година.

12. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да организира министерски состанок за отворените прашања за спроведување на проектите во областа на транспорт и животна средина за периодот 2014-2020 година, во најбрз можен рок.

- **Статус на реализација на приоритетите на РМ за влез во НАТО**

- Програмата за продолжување на реформите на Република Македонија

Владата ја разгледа и ја усвои Програмата за продолжување на реформите на Република Македонија.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри Еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на „Македонски железници-Транспорт“ АД - Скопје, за некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 2**

Владата по Годишниот извештај за работењето на ЈПВ Лисиче-Велес за 2017 година, Финансискиот извештај на ЈПВ Лисиче-Велес за 2017 година, Годишната сметка на ЈПВ Лисиче-Велес за 2017 година, Извештајот на независниот ревизор и финансиските извештаи на ЈПВ Лисиче-Велес за годината која завршува на 31.12.2017 година, со дополнување ги донесе новите текстови на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на ЈПВ Лисиче-Велес за 2017 година и Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2017 година на ЈПВ Лисиче-Велес, во предложените текстови, притоа имајќи го предвид укажувањето на Министерството за животна средина и просторно планирање да се преземат соодветни мерки за надминување на загубата.

## Точка 3

Владата по новиот текст на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје за сезона 2018/2019 година, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата по новиот текст на Информацијата за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина варовник на локалитетот Ново Село, Општина Дебрца за потребите на проект за изградба на автопатот А2, делница Кичево - Охрид, заклучи:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски врз база на негативното мислење од Јавното претпријатие за државни патишта да достави мислење до Министерството за економија за јавниот интерес за градење на патот, а потоа Министерството за економија врз база на тоа да достави до Владата соодветен предлог за постапување во врска со концесија за експлоатација на минерална суровина варовник на локалитетот Ново Село, Општина Дебрца за потребите на проект за изградба на автопатот А2, делница Кичево - Охрид.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на одобрение за спроведување постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка - Одржување на ESRI лиценци (во времетраење од три години), ја усвои Информацијата и даде одобрение на Агенцијата за катастар на недвижности да ја спроведе постапката за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка - Одржување на ESRI лиценци (во времетраење од три години).

## Точка 6

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за запишување на правото на сопственост на недвижностите на Република Македонија во Катастарот на недвижностите, со Акциски план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за запишување на правото на сопственост на Република Македонија на катастарски парцели врз основа на постојна катастарска евиденција - катастар на земјиште кои во Катастарот на недвижности се со незапишани права.

2. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности информациите за прогресот на активностите за реализација на Акцискиот план за запишување на правото на сопственост на Република Македонија на катастарски парцели врз основа на постојна катастарска евиденција - катастар на земјиште кои во Катастарот на недвижности се со незапишани права да ги вклучи во шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности кој се доставува до Владата.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа до 31.12.2018 година до Агенцијата за катастар на недвижности и до Државното правобранителство на Република Македонија да достават листа со податоци за објектите (згради/делови од згради/други објекти) со кои располагаат, која ќе содржи адреса на објектот (улица и број/влез/кат/број на посебниот дел), име на катастарската општина во која се наоѓа и број на катастарска парцела на која е лоциран објектот.

4. Се задолжува Министерството за правда како надлежно министерство за изготвување на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности до 31.12.2018 година истиот да го достави до Влада.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за извршен увид во „Макпетрол Темко“- Скопје со изготвен Записник (нацрт), со дополнувањето кон неа, Решението за усвојување на Записникот од извршен увид во објекти „Макпетрол“ АД- Скопје и Предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за отстапување на користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи, во предложениот текст.

2. Го донесе најновиот текст на Одлуката за отстапување на користење на движни ствари на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

3. Го донесе најновиот текст на Одлуката за отстапување на користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита и спасување, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 9

Владата по Предлог-одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука/пресуда и предмети одземени во управна постапка (вкупно 47 моторни возила и електрометар) на државни органи, единиците на локалната самоуправа и други и Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (електрометар ULTRA VIII), во предложениот текст.

2. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за промоција и поддршка на туризмот (пмв Волксваген Голф 5), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи останатите Предлог-одлуки да се разгледаат по донесувањето на новиот Правилник за критериумите на отстапување на одземени возила со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот на државни органи, фондови, агенции, дирекции, јавни установи, независни регулаторни тела основани од Република Македонија, единиците на локалната самоуправа и други.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители од страна на Државното правобранителство на Република Македонија и даде согласност за зголемување на бројот на државни правобранители за двајца државни правобранители.

Согласно ова, потребно е Државното правобранителство на Република Македонија за наредната седница да достави Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија, која претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 11

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

## Точка 12

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на најновиот текст на Предлог-законот за фитофармација, поради потребата од дополнителни усогласувања на текстот на Предлог-законот и истиот повторно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 13

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петревска, државна советничка во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 14**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижни ствари во Тетово сопственост на Република Македонија - корисник Министерството за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Тетово, со заклучок до потпишување Агенцијата за катастар на недвижности да достави мислење по истата.

**Точка 16**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на недвижна ствар во Скопје сопственост на Република Македонија, корисник Министерството за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижна ствар во Скопје, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижна ствар во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за рангот на Македонија според извештајот „Doing Business 2019“ на Светска банка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Централниот регистар на Република Македонија да изготви анализа на причините за влошување на рангот кај индикаторот - Започнување на бизнис, која ќе содржи и известување за спроведените активности во изминатите шест месеци, како и предлог-мерки за подобрување на рангот со точна временска динамика на имплементација и рок на реализација заклучно со 31 јануари 2019 година. Анализата да се достави до Министерството за финансии најдоцна до 27 ноември 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за јавни приходи да изготви анализа на причините за влошување на рангот кај индикаторот - Започнување на бизнис која ќе содржи и известување за спроведените активности во изминатите шест месеци, како и Предлог-мерки за подобрување на рангот со точна временска динамика на имплементација и рок на реализација заклучно со 31 јануари 2019 година. Анализата да се достави до Министерството за финансии најдоцна до 27 ноември 2018 година.

3. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со ЕВН Македонија, да изготват анализа на причините за влошување на рангот кај индикаторот - Пристап до електрична енергија која ќе содржи и известување за спроведените активности во изминатите шест месеци, како и Предлог-мерки за подобрување на рангот со точна временска динамика на имплементација и рок на реализација заклучно со 31 јануари 2019 година. Анализата да се достави до Министерството за финансии најдоцна до 27 ноември 2018 година.

4. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности, во соработка со Град Скопје, да изготват анализа на причините за нискиот ранг кај индикаторот - Регистрирање на имот

која ќе содржи и известување за спроведените активности во изминатите шест месеци, како и Предлог-мерки за подобрување на рангот со точна временска динамика на имплементација и рок на реализација заклучно со 31 јануари 2019 година. Анализата да се достави до Министерството за финансии најдоцна до 27 ноември 2018 година.

5. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за јавни приходи да изготви анализа на причините за влошување на рангот кај индикаторот - Плаќање даноци која ќе содржи и известување за спроведените активности во изминатите шест месеци, како и Предлог-мерки за подобрување на рангот со точна временска динамика на имплементација и рок на реализација заклучно со 31 јануари 2019 година. Анализата да се достави до Министерството за финансии најдоцна до 27 ноември 2018 година.

6. Се задолжува Министерството за финансии - Царинска управа да изготви анализа на причините за влошување на рангот кај индикаторот - Прекугранично тргување која ќе содржи и известување за спроведените активности во изминатите шест месеци, како и Предлог-мерки за подобрување на рангот со точна временска динамика на имплементација и рок на реализација заклучно со 31 јануари 2019 година. Анализата да се достави до Министерството за финансии најдоцна до 27 ноември 2018 година.

## Точка 18

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализираните активности во проектот за Ревизија на индустриската политика на Република Македонија и усвојување на стратешкиот документ „Индустриска стратегија на Република Македонија 2018 - 2027“, со најнов текст на Акциски план и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја усвои „Индустриската стратегија на Република Македонија 2018 - 2027“, со најнов текст на Акциски план за периодот 2018 -2020 година.

2. Се задолжува Министерството за економија, во координација со Секторската работна група за конкурентност и иновации, да ја следи имплементацијата на Индустриската стратегија и Акцискиот план.

3. Се задолжува Министерството за економија да ја информира Владата еднаш годишно за текот на реализација на Стратегијата и Акцискиот план, почнувајќи од септември 2019 година.

4. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за надворешни работи и Бирото за јавни набавки, а се препорачува на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој и Агенцијата за енергетика на Република Македонија да ги предвидат мерките од Акцискиот план во нивните програми за работа за 2019 година.

## Точка 19

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Јавен повик и Тендерска документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на локалитетот „Прогун“, општина Неготино по Одлуката за започнување на постапка

за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на локалитетот „Прогун“, Општина Неготино бр.44-5467/1 од 24.7.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/2018), со Тендерска документација, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на локалитетот „Прогун”, Општина Неготино.

## Точка 20

Владата ги разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини 6/18 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/18), со Предлог-одлуки и Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 6/2018, објавен во Службен весник на Република Македонија бр.112/18 (нов текст), ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - песок и чакал на Друштвото за градежништво и трговија „Градба промет“ ДОО-Кавадарци на локалитетот „Црвени Брегови“, Општина Неготино,

2. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - травертин на Друштвото за производство, трговија и услуги „Травертин минерали“ ДООЕЛ-Прилеп на локалитетот „Рафче“, Општина Сарај и

3. Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини по Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложените текстови.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Дупен Камен“, с. Беловодица, Општина Прилеп и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште и Сектор за шумарство во рок од три дена да даде мислење во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Дупен Камен“ с. Беловодица, Општина Прилеп.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Хотел „Шатор“ - с.Трново, Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има изграден бесправен помошен објект и објект за примарна обработка на земјоделски производи со непосредна спогодба со ДПТУ „Зелена куќа“ ДОО с. Горни Подлог Кочани, со Предлог-договор и Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има изграден бесправен помошен објект и објект за примарна обработка на земјоделски производи со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Мислешево вон гр., Општина Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Мислешево вон гр., Општина Струга, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со намена А4-времено сместување КО Тетово вон-г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со намена А4-времено сместување КО Тетово вон-г.р., Општина Тетово, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за склучување на Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и Шпаркасе банка Македонија АД Скопје за финансирање на Договор за концесија за користење на вода за производство на

електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Караниколос“ со реф.бр.80, со текст на Директен договор и ја усвои со следниот заклучок:

- Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, во име на Владата на Република Македонија како концедент да склучи Директен договор со „Шпаркасе банка Македонија“ АД-Скопје, како средство за обезбедување на исполнување на обврските од страна на концесионерот согласно Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Караниколос, бр. 11-692/1 од 25.1.2018 година.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1000 на Советот од 16 јули 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1000 на Советот од 16 јули 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-одлука за преод во втора фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, согласно член 5 (3) од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, со текст на Предлог-одлука на Советот за стабилизација и асоцијација која се однесува на премин во втора фаза на асоцијација меѓу Европските Заедници и нејзините земји членки, од една страна и Република Македонија, од друга страна, во согласност со членот 5 (3) од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Предлог-одлуката на Советот за стабилизација и асоцијација која се однесува на премин во втора фаза на асоцијација меѓу Европските Заедници и нејзините земји членки, од една страна и Република Македонија, од друга страна, во согласност со членот 5 (3) од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги спроведе сите потребни активности, со цел Предлог-одлуката да се усвои од страна на Советот за стабилизација и асоцијација.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за националниот извештај на Република Македонија за Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации, со Предлог-текст на Националниот извештај на Република Македонија за Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Националниот извештај на Република Македонија за Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во рок од пет дена, да го достави Националниот извештај на Република Македонија за Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации до Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права во Женева.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи да го координира учеството на делегацијата на Република Македонија што ќе го презентира Националниот извештај на Република Македонија за Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации на 24 јануари 2019 година, за време на 32-та сесија на Работната група за Универзалниот периодичен преглед, во Женева.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за усвојување на Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, со Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за усвојување на Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе.

2. Ги прифати Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе.

## Точка 32

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за текстот на Протоколот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Чешка Република за спроведување на Спогодбата за преземање на лица со незаконски престој, со усогласен текст на Протокол и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Чешката Република за спроведување на Спогодбата за преземање на лица со незаконски престој.

2. Го определи заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи Оливер Спасовски, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Протоколот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Чешката Република за спроведување на Спогодбата за преземање на лица со незаконски престој.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Бекташиска заедница и други против Република Македонија, А.бр.48044/10, 75722/12 и 25176/13 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

2. Досудените средства да се исплатат најдоцна до 10.12.2018 година на следниот начин:

а) 2.000 евра во денарска противвредност на трансакциската сметка на правниот застапник на здружението-апликант: Адвокатско друштво Гоџо, Кичеец и Новаковски, Бул.Македонски просветители 8, 6000 Охрид, ДБ МК 4020010510045, број на сметка: 210065646400432 во Тутунска банка АД Скопје;

б) 2.500 евра во денарска противвредност на трансакциската сметка на Арбен Сулејмани, број на сметка: 270700030973989 во Халк банка АД Скопје;

в) 2.500 евра во денарска противвредност на трансакциската сметка на Едмонд Брахимај, број на сметка: 380261672700107 во Про-Кредит банка АД Скопје.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за План за имплементација на Стратегискиот одбранбен преглед 2018, со текст на План, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за одбрана до крајот на март 2019 година, да ја информира Владата за напредокот во реализацијата на активностите од Планот за имплементација на Стратегискиот одбранбен преглед 2018.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот и реализацијата на Проектот-проценка на влијанието на регулативата (ПВР), за периодот јануари- јуни 2018 година (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства Нацрт-извештајот за ПВР да го доставуваат на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација по истекот на минималниот рок од 20 дена за консултација на Единствениот национален електронски регистар на прописи.

2. Се задолжуваат сите министерства објавувањето на Известувањето за почеток на подготовка на предлог-закон, Нацрт-извештајот за ПВР и текстот на предлогот на закон на Единствениот национален електронски регистар на прописи да го вршат преку порталот E-vlada.mk.

## Точка 36

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за иницирање постапка за измена на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Грција за ИНТЕРРЕГ-ИПА програмата за прекугранична соработка Република Македонија-Грција 2014-2020, во насока на вклучување стратешки проект.

## Точка 37

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Асаф Адеми, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Весна Илиевска, државна советничка во Министерството за култура.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за планирани активности за развој на работната сила во Република Македонија (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од седум дена од денот на усвојување на Информацијата, да достави барање за номинации на претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Министерството за образование и наука, стопанските комори и бизнис асоцијации од различни дејности и од меѓународните партнери (УСАИД, УНДП и Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC)) за формирање на работна група за изработка на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од седум дена, од денот на усвојување на Информацијата, да достави барање за номинации на претставници од предложените институции и организации: Министерството за образование и наука, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Фондот за иновации и технолошки развој и од меѓународните партнери (УСАИД, УНДП и Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC)) за формирање на координативно тело кое ќе биде надлежно за координација и следење на спроведување на кампања за промоција на професии на младите.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од седум дена, од денот на усвојување на Информацијата, да достави барање за номинации на претставници од предложените институции и организации: стопанските комори и бизнис асоцијации од различни дејности, Агенцијата за вработување на Република Македонија, МАМЕИ (Македонска Асоцијација на метална и електро индустрија), МАСИТ (Македонска комора за информатички и комуникациски технологии), МЛФ (Македонско здружение за лифтови), ТТА (Текстилно трговска асоцијација) и МАКАМ Транс (Македонска асоцијација за компании од областа транспорт) за формирање на советодавно тело.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика на годишно ниво до Владата да доставува извештај за текот на имплементација на спроведување на кампања за промоција на професии на младите.

**Точка 39**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги „Линди гуроре“ ДООЕЛ Увоз-Извоз с.Стрелци, Кичево на локалитетот „Становец 2“, Општина Кичево, за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да обезбеди ново мислење од Министерството за животна

средина и просторно планирање и текстот на материјалот да го усогласи согласно Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 40

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за трговија, превоз и услуги „Регулими и Обореве-Гаги“ Увоз-Извоз ДООЕЛ с. Стрелци Кичево на локалитетот „Становец“, Општина Кичево, во предложениот текст.

## Точка 41

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на Друштвото за транспорт, градежништво, производство, трговија и услуги „Гранд - Уни инвест“ ДООЕЛ Виница на локалитетот „Градец“, Општина Виница, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги „Бетон груп“ ДООЕЛ с.Боговиње, Боговиње на локалитетот „с.Чегране - Гостивар“, Општина Гостивар, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата го разгледа Барањето на Анибал Енис Озкан, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 45

Владата го разгледа Барањето на Хабил Красниќи и др. за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 46

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Велес, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 66

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница Охрид, во предложениот текст.

## Точка 67

Владата ја разгледа Понудата од нотарката Анастасија Петреска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.69444 за КО Маџари на КП бр.87, Имотен лист бр.10008 за КО Маџари на КП бр. 86 и Имотен лист бр.10009 за КО Маџари на КП бр.87 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 68

Владата го разгледа Известувањето од извршителот Антончо Коштанов од Скопје, под И бр.714/18 за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 179 став (1), член 181 став (1) и член 182 став (1) од Законот за извршување) и по Известувањето ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 69

Владата го разгледа Известувањето од извршителката Даница Страчкова од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба под И бр.243/17 и Заклучок за утврдување на вредност на недвижност под И бр.243/17 и по Известувањето ги усвои негативното Мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 70

Владата го разгледа Известувањето од извршител Даница Страчкова од Скопје, за Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на член 178 став (1), член 181 став (1) и член 182 став (1) од Законот за извршување) под И бр. 292/17 и Заклучок за утврдување на вредност на недвижност (врз основа на член 177 од Законот за извршување) под И бр. 292/17 и по Известувањето го усвои Мислењето на Агенцијата за катастар за недвижности и Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 71

1. Владата го разреши Дритон Рамадани од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствена станица Липково во Липково.

1.1. Владата ја именува Хаџере Мемети за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствена станица Липково во Липково.

2. Владата ја разреши Милена Тагасовска од должноста член на Управниот одбор-претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален парк Пелистер- Битола.

2.1. Владата го именува Дејан Гашоски за член на Управниот одбор-претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален парк Пелистер- Битола.

3. Владата го разреши Ванчо Петрушевски од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука.

3.1. Владата го именува Мирван Џемаиљи за вршител на должноста заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го оптповика Скендер Алији од должноста член на Надзорниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ -Скопје, во државна сопственост.

4.1. Владата го избра Авни Саљији за член на Надзорниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ -Скопје, во државна сопственост.

Истовремено, Владата заклучи да објави Јавен оглас за именување на директор на Државниот испитен центар, во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

**Точка 72**

**1.** Владата условно го донесе Решението за назначување на членови на Дигиталниот форум за информатичко комуникациски технологии, доколку д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација се усогласат и дополнат член од академската заедница.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 5.11.2018 година до 11.11.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**3.** Владата го разгледа Известувањето за учество на владина делегација на меѓународната конференција на високо ниво на тема „Јакнење на борбата против недозволена трговија во Југоисточна Европа“, која се одржува на 5-ти и 6-ти декември 2018 година во Сиракуза, Италијанска Република и притоа заклучи:

1) Го усвои Известувањето за учество на владина делегација на меѓународната конференција на високо ниво на тема „Јакнење на борбата против недозволена трговија во Југоисточна Европа“, која се одржува на 5-ти и 6-ти декември 2018 година во Сиракуза, Италијанска Република, предводена од д-р Рената Дескоска, министерка за правда.

2) Во состав на делегацијата да биде и Биљана Мицевска Јосифовска, од Министерството за правда.

3) Трошоците за учеството на меѓународната конференција на високо ниво на тема „Јакнење на борбата против недозволена трговија во Југоисточна Европа“, која се одржува на 5-ти и 6-ти декември 2018 година во Сиракуза, Италијанска Република, да бидат на товар на организаторот и на Министерството за правда.

**4.** Владата согласно доставените барања од Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии заклучи да се измени Извадокот од 98-та седница, одржана на 30.10.2018 година, донесен по Информацијата за доделената дополнителна ИПА финансиска помош од Европската Унија на Република Македонија во секторите транспорт и животна средина и климатски промени за периодот 2014-2020 година при што:

-Заклучокот број 3 да се измени и да гласи:
„Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи во улога на Национален ИПА координатор да ја информира Европската унија дека се согласува со дополнителната ИПА финансиска помош од Европската Унија на Република Македонија во секторите транспорт и животна средина и климатски промени за периодот 2014-2020 и нивната употреба.";

-Да се додаде нов заклучок и да гласи:
„Се задолжува Министерството за финансии да го обезбеди националното ко-финансирање за доделената дополнителна ИПА финансиска помош од Европската унија на Република Македонија во секторите транспорт и животна средина и климатски промени за периодот 2014-2020, во рамките на максималните износи на расходи за секоја фискална година одделно“.

## <u>Точка 73</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Тетово, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да преземе соодветни активности во врска трансферирање на средства за чистење и депонирање на комуналниот отпад на локалитетот с.Фалише во рамки на обезбедените средства во Буџетот на наменска сметка на Општина Тетово.

## <u>Точка 74</u>

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на дадените препораки од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршената ревизија на успешност - „Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите“ број 09-311/25 од 16.5.2018 година, како материјал за информирање.

## <u>Точка 75</u>

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје, за периодот X - XII 2017 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски во рок од 15 дена да одржи состанок со АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје и Агенцијата

за пошти, во однос на преземање активности за изнаоѓање мерки за унапредување на работата во давањето на универзална услуга од страна на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје, како давател на услуги, лиценциран на целата територија на Република Македонија, во насока на подобрување на финансиската состојба и исполнување на планот за работа.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Македонија за август 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Македонија за септември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 11 став (2) од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 20/1998, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 55/2013, 33/2015 и 104/2015), поднесено од пратеникот Снежана Калеска-Ванчевска и притоа го утврди следново мислење:

Од текстот и содржината на Барањето за давање на автентично толкување на членот 11 став (2) од Законот за денационализација, поднесено од страна на пратеникот Снежана Калеска-Ванчевска, произлегува дека истото се однесува на потребата да се утврди кое лице се смета за „барател за денационализација“, односно дали “барател за денационализација“, е лице на кое тоа својство му е утврдено според прописите за наследување и во моментот на одлучувањето по неговото барање за денационализација е државјанин на Република Македонија, или пак за „барател за денационализација“, единствено се смета лице кое на денот на влегувањето во сила на Законот за денационализација, е државјанин на Република Македонија.

Помеѓу другото, се истакнува дека со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 120/99 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/99), се укинува членот 11 став (2) од Законот во делот „на денот на влегувањето во сила на овој закон“.

Согласно одредбите од член 11 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/98):

1) Право да поднесе барање за денационализација има поранешниот сопственик, односно лицата кои се негови наследници на денот на влегување во сила на овој закон според прописите за наследување (барател).
2) Барател во смисла на став (1) на овој член е лице кое на денот на влегувањето во сила на овој закон е државјанин на Република Македонија.

Со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 120/99 од 10.3.1999 година, се укинува членот 11 став (1) од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/98), во делот „на денот на влегување во сила на овој закон“, што имено значи дека право да поднесе барање за денационализација има поранешниот

сопственик, односно лицата кои се негови наследници според прописите за наследување (барател), меѓутоа ставот (2) од наведената законска одредба останува во сила.

Тоа, имено значи дека наследниците на поранешниот сопственик може и по влегување во сила на Законот за денационализација да бидат прогласени за законски наследници на поранешниот сопственик, но истите за да можат да се јават како баратели во постапката за денационализација мора да бидат државјани на Република Македонија, до денот на влегување во сила на законот, а тоа е 7.5.1998 година.

Во смисла на погоре наведеното е и одредбата од членот 49 став (3) од пречистениот текст на Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2000), во која законодавецот ги пропишал прилозите, односно доказите кои задолжително се поднесуваат кон пропишаниот образец - Барање за денационализација, а тоа меѓу другото е и доказот за државјанство на Република Македонија, кое мора да биде стекнато до влегувањето во сила на Законот, т.е. пред 7.5.1998 година.

Од наведеното неспорно произлегува дека Законот за денационализација јасно и недвосмислено го дефинира поимот барател во постапка за денационализација, односно право да поднесе барање за денационализација има лице кое кумулативно исполнува два услови: да е поранешен сопственик на имотот кој во поранешен период бил одземен во корист на државата со присилни прописи, односно лице кое е негов наследник, според прописите за наследување и кое на денот на влегувањето во сила на овој закон е државјанин на Република Македонија.

Со оглед на погоре изнесеното, Владата на Република Македонија смета дека наведената законска одредба е јасна, истата е во согласност со членот 30 од Уставот на Република Македонија, со кој се гарантира правото на сопственост и правото на наследување, поради што нема потреба од нејзино автентично толкување.

## Точка 79

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект - линиска инфраструктурна градба (Топловодна мрежа), ја усвои Информацијата и го задолжи АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, да ги продолжи постапките за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект - линиска инфраструктурна градба (Топловодна мрежа), пред Министерството за транспорт и врски во име и за сметка на Република Македонија.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата во врска со исплата на средства по основ на стекнато право на степен на кариера на административните службеници во Министерството за економија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да преземат активности за миграција на податоците од стариот систем т.н ЗИЦ во новиот ХРМИС.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација до 30 ноември 2018 година да ја спроведе активноста за миграција на податоците од стариот систем т.н ЗИЦ во новиот ХРМИС.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за номинирање членови во Советот за јавно приватно партнерство, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, а се препорачува на Бирото за јавни набавки, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, Стопанската комора на Македонија и Сојузот на стопански комори во рок од три дена до Министерството за економија да доставaт номинација за свој претставник во Советот за јавно приватно партнерство.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од донесување на Одлука за осигурување за експонатите од Националниот археолошки институт со музеј - Софија и од Народниот музеј Белград кои ќе бидат презентирани на изложбата „100 години Требениште“ во Националната установа Археолошки музеј на Македонија - Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за осигурување за експонатите од Националниот археолошки институт со музеј - Софија и од Народниот музеј Белград кои ќе бидат презентирани на изложбата „100 години Требениште“ во Националната установа Археолошки музеј на Македонија - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за настанатата ситуација со работењето на ДСД „Доне Божинов“ - Пробиштип, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука во соработка со Министерството за финансии, во рок од седум дена да предложат соодветно решение за настанатата ситуација со работењето на ДСД „Доне Божинов“- Пробиштип.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:10 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** |
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |